Мариа Келер-Хамела

# Одам на суд

**IDĘ DO SĄDU**
**Nobody's Children Foundation (Fundacja Dzieci Niczyje)**
**Варшава 2002**

Фондација Ничии деца
Ул. Валечних 59
03-926 Варшава
e-mail: fdn@fdn.pl
www.fdn.pl

Прва детска амбасада во светот-Меѓаши
ул. „Коста Новаковиќ“ 22а
1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: +389 2 2465 316
Факс: +389 2 2463 900
e-mail: info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

**Графичка обработка и содржина: Касиа Диппел**
**Адаптација на текстот за Македонија: Василка Божиновска**
**Превод од полски: Елжбиета Баракоска**
**Лектор: Марина Геческа**
**Издавач: Прва детска амбасада во светот-Меѓаши**
**Извршен директор: М-р Драги Змијанац**
**Печатница: Југореклам**

**С 2008** Фондација Ничии деца, www.fdn.pl
**С 2008** Прва детска амбасада во светот-Меѓаши, www.childrensembassy.org.mk
Книгата е издадена во рамките на **проектот "Детство без насилство-кон подобар систем на детска заштита во Источна Европа"** а финансиран од **ОАК Фондацијата.**

**Оваа книга е инспирирана од следниве изданија:**
***What's Happening in Court? An Activity Book for Children Who Are Going to Court in California,***
*Administrative Office of the Courts, Center for Families, Children and the Courts, 1999*
***Getting ready for the court.***
*Lynn M.Copen, Linda M. Pucci, Sage 2000*

**ISBN**

**Одам на суд.................................................**

**Книгата припаѓа на: ........................................**

**Овде можеш да го нацрташ својот портрет.**






Дозна дека мораш да одиш на суд и да се сретнеш со судијата. Понекогаш се случува децата да мораат да одат на суд за да му раскажат на судијата за тоа што виделе, слушнале, кога на нив или на некој друг нешто им се случило. Тоа што децата имаат да кажат, а исто така и ти, е многу важно за возрасните. Знаеме дека тоа може да биде многу жално и тажно. Не ти се случуваат само тебе таквите работи, туку и на другите деца, а исто така и на возрасните. Неопходно е судијата да чуе за тоа од тебе.

Децата одат на суд не само во Македонија туку и во другите земји. Може да се случи истиот ден кога ти ќе бидеш на суд, другите деца во другите градови и земји, на пр. во Австралија, каде што живеат мили животни како кенгурите, да одговараат на друг судија на слични прашања. Понекогаш и возрасните малку се исплашени кога за прв пат одат во суд. Ако се плашиш од нешто, кажи му за тоа на некој возрасен со кој ќе бидеш во судот.

Запомни дека не одиш во суд затоа што направи нешто лошо, туку за да му раскажеш на судијата што се случило. Сигурно би сакал/а да дознаеш како изгледа судот и што ќе се случува во него? Може да направиме така што ние наместо тебе ќе поставуваме прашања, а некој возрасен на нив ќе одговара. Добро?



## Детето: Што е тоа суд?

Суд е таква зграда во која луѓето често разговараат за важните, а понекогаш и тешки работи и одговараат на прашањата на судијата. Потсети се дали си бил/а некогаш на такво место каде што луѓето завршуваат различни важни работи и каде претежно никого не познаваат. Дали си бил на пр. некогаш во пошта, во амбуланта или во банка? Судот е баш такво место, таква институција. **Ти одиш таму за да раскажеш што се случило. Да ја кажеш вистината.**

## Детето: Како изгледа судот?

Веќе знаеш дека судот е сместен во голема зграда. Внатре има разни сали и соби. Некои од нив се мали, други големи. Тие соби се викаат судници. Во нив работат луѓе кои се правници, кои поставуваат прашања на разни луѓе, а исто така и тебе. Во една од тие сали ќе се сретнеш со судијата.



## Детето: Зошто морам да одам на суд?

Одиш на суд затоа што за судијата ти си многу важна личност. Само ти можеш навистина да раскажеш за тоа што си слушнал/а или што ти се случило. Тоа е многу важно за судот. Одиш таму да разговараш со судијата и другите правници и да одговориш на нивните прашања.

## Детето: Како ќе знам кога да одам на суд?

Ќе те поканат. Ќе добиеш посебно писмо, кое возрасните го нарекуваат покана. Во тоа писмо ќе пишува кога и во колку часот треба да одиш на судот.



**Детето: Кој ќе оди со мене таму?**

Детето никогаш не оди на суд само. Со тебе ќе оди мајка ти, татко ти или некој друг, можеби старател, класен раководител или педагог. За тоа ќе дознаеш порано. Судот во кој одиш се наоѓа во (градот) ...................................... Можеш да замолиш некој возрасен да ти објасни каде се наоѓа. Можеби заедно ќе нацртате план како да стигнеш дотаму?





**А сега да се потсетиме за што разговаравме досега:**

- Суд, тоа е зграда во која доаѓаат разни луѓе да ја раскажат вистината за важни случувања;

- Во судот има многу соби, кои ги викаме судници;

- Во судницата ќе се сретнеш со судијата и другите правници, за кои уште ќе ти раскажеме во оваа книга;

- Кога треба да одиш на суд ќе дознаеш од посебно писмо - покана за на суд;

- Таму со тебе ќе оди некој возрасен.




## Детето: Кој работи во судот?

Таму работи судијата и другите правници. Правник, тоа е лицето кое долго учело правила, прописи и норми кои мора да се почитуваат, односно учело правен факултет, значи тоа што смееме, а што не смееме да правиме. Сите луѓе би сакале да се чувствуваат безбедно и затоа постојат правила за да не си наштетиме еден на друг. Правниците се трудат да дознаат и разберат што се случило, дали некој е оштетен. Понекогаш мора да поставуваат многу прашања. Правниците внимаваат луѓето да се однесуваат така што сите ќе се чувствуваме безбедно.

Погледни ја сликата на која е нацртана судницата. Сега ќе ти раскажеме за луѓето кои ќе ги сретнеш таму. Обиди се на сликата да го најдеш бројот на лицето и да прочиташ за тоа лице. Потоа обои ги по ред тие лица за кои ќе читаш.

**1. Судијата –** тоа е најважното и првото лице кое ќе разговара со тебе во салата. Носи малку чуден мантил, црна боја со црни манжетни и значка со знакот на правдата - терезија (вага). Тој мантил се вика ТОГА. Многу одамна, исто така, имало судии, но тие изгледале малку поинаку. Носеле смешни перики - вештачка коса со локни. Некогаш судиите можеле да бидат само мажи, сега судијата може да биде маж или жена. Судиите, слично како и другите возрасни луѓе, често се мајки или татковци и се случува и тие самите да имаат разни проблеми.




1
2
2
3
4
5
6
7

**Судијата –** седи на повисоко место зад голема маса и внимателно го слуша тоа што зборуваат повиканите луѓе во судот. За време на расправата ќе разговара со тебе и со правниците. Решава кој и кога ќе зборува, се грижи секој да го каже тоа што е важно за него. Тој, исто така, внимава сите да ги почитуваат правилата кои владеат во судот и решава за тоа што ќе се случи со некој кој направил нешто лошо, значи кој не го почитувал законот.




Судијата се грижи за тоа да се чувствуваш безбедно и во судот да владее ред. Понекогаш се случува кога детето влегува во судницата, судијата да го соблече црниот мантил и другите правници да ги соблечат своите (тогите) и да учествуваат во расправата во својата облека.




**2. Порота –** тоа се лица кои седат до судијата. Поротата му помага на судијата во работата. Ниту ти ни обвинетиот нема да ги знаете тие луѓе. Тие слушаат што зборува судијата, што зборуваш ти, обвинителот и другите лица. Можат да ти поставуваат прашања, а потоа заедно со судијата ќе решат дали обвинетиот направил нешто лошо или не. Запомни, ти во судот нема да имаш никакви проблеми.

**3. Записничар –** тоа е уште едно лице кое седи во судницата од страна и запишува сè што било кажано. Ќе запише, исто така, сè што ќе кажеш ти. Записничарот цело време запишува.




**4. Јавен обвинител –** јавниот обвинител, исто така, носи тога во темно сина боја (тегет). Обвинителот прв ќе раскаже пред судот што се случило. За тоа може да знае, на пример, од полицијата или од другите лица кои сметале дека се случило нешто, што не е во согласност со законот. Некогаш се случува со обвинителот да си имал/а можност претходно да се запознаеш, можеби разговарал со тебе уште пред средбата во судот. Обвинителот ги брани правата на луѓето на кои им се случило нешто лошо и те претставува тебе во судот.




**5. Адвокат (бранител) –** тоа е лице кое седи блиску до обвинетиот. Исто така, носи црвен (бордо) мантил на кој е извезен знакот на Адвокатската Комора и годината на основање. Може да се случи да ти поставува тешки прашања. Адвокатот го брани обвинетиот и прави сѐ за да го убеди судот дека тој не е крив, дека не сакал тоа да го направи или дека некој друг тоа го направил. Обвинетиот подобро се чувствува кога до себе има адвокат (бранител). Понекогаш може да бидат двајца, а и тројца бранители.

**6. Психолог –** тој е во судот за да ти помага. Може тоа да биде некој кој веќе претходно си го запознал, со кого си разговарал или некој друг. Ако малку се плашиш или се чувствуваш несигурно, секогаш можеш да го замолиш за помош.

**7. Сведок –** тоа е лице кое доаѓа во судот за да разговара со правниците и да одговори на нивните прашања. Кога ќе одговараш на прашањата стоејќи зад оградата наспроти судијата, ти, исто така, ќе бидеш сведок. Понекогаш судијата им дозволува на децата да седат.

Возрасните сведоци пред да започнат да одговараат на прашањата на судијата, судијата ги опоменува дека се должни да ја зборуваат вистината. Кога би бил/а возрасен/на ти, исто така, би бил/а опоменат/а.

**Запомни дека судот е такво место, каде што е задолжително да се кажува вистината.**

**8. Обвинетиот –** не мора да е лош човек, но може да биде лице кое направило нешто што не би требало да го направи. Може да е некој, кој воопшто не го познаваш или го знаеш сосема малку. Може тоа да биде некој близок кој многу добро го познаваш, некој кого го сакаше или сѐ уште го сакаш. Некогаш обвинетиот може да биде некој од **твоето семејство**. Се случува да има неколку обвинети. До обвинетиот може да седат полицајци во униформа. Се случува судијата да го замоли обвинетиот да ја напушти судницата кога ти ќе ја даваш изјавата. Судијата постапува така за да се чувствуваш безбедно и да можеш мирно да одговараш. Обвинетиот не секогаш ја кажува вистината и не се опоменува да ја кажува вистината. Луѓето лажат од различни причини.

**Детето: Што мислиш, зошто луѓето лажат?**

Мислам дека понекогаш лажат, затоа што направиле на пр. нешто лошо и се плашат дека ќе бидат казнети или се срамат од тоа што го направиле. Дали ти се случило некој да те излаже?

**Нацртај се самиот себеси во судот како ја кажуваш вистината.**



# Глава 3

## Детето: Како треба да се облечам за на суд?

Можеш да облечеш нешто во што се чувствуваш добро. Сепак, запомни дека не одиш да играш фудбал, туку на суд. Ако сакаш да ти биде попријатно, може да ја понесеш со себе својата омилена играчка или книга. Играчката не смее да биде многу голема. Во судот, исто така, не смее да се носат животни. Запомни дека треба да се дојде малку порано. Судијата е многу зафатен, има многу разни предмети и не треба да нè чека.

## Детето: Што ќе правам кога ќе ме поканат во судницата?

Откако ќе те поканат во судницата, ќе застанеш пред судијата кој ќе те праша за името и презимето и колку години имаш. Ако веќе одиш во училиште, тогаш сигурно ќе те праша за училиштето и можеби за уште некои други работи. Едноставно малку ќе разговара со тебе. Судијата ќе те потсети дека треба да ја кажуваш вистината. Може да се случи прашањата да се однесуваат на твоите најблиски, на пр. мајка, татко, брат или сестра. Судијата ќе те праша дали сакаш да зборуваш за нив. Ако тоа биде за тебе претешко, тогаш не мораш да одговараш на тие прашања. Другите правници, а понекогаш и обвинетиот, исто така, можат да те прашуваат за разни работи. На крај судијата ќе го прочита сето она што си го изјавил претходно на сослушувањето (на полицаецот или обвинителот). Ќе праша дали тоа било вистина. Кога судијата и правниците ќе завршат со твоето испрашување, ќе кажат дека можеш да ја напуштиш судницата.

Пред да преминеме понатаму, ќе кажеме уште нешто за тоа што ги загрижува децата. Некои деца се плашат од обвинетиот, дури и ако тоа е некој од семејството, некој многу близок. Мислат дека ако одговараат во суд, тогаш обвинетиот ќе им вика или ќе ги прекинува. Тоа за среќа се случува многу ретко и ако такво нешто се случи, судијата ќе го опомене.






## Детето: За што ќе ме прашуваат во судот?

Судијата и другите правници можат да те прашуваат за многу работи. Судијата на пример, ќе сака да знае дали ти ја знаеш разликата помеѓу вистината и лагата. Да пробаме да го провериме тоа. Ако ми кажеш на пример, дека ти си жирафа, тогаш тоа е лага. А сега кажи ја вистината.

**Кој си ти?....................................**

Понекогаш децата нешто ќе видат или слушнат, нешто им се случило или некој им направил нешто. Тогаш треба за тоа да кажат во судот. Судијата ќе слуша многу внимателно што имаш да кажеш. Зборувањето во судот се вика давање изјава. Правниците понекогаш поставуваат многу прашања, кои тешко можеме да ги разбереме. Ако така се случи, кажи му на судијата дека не го разбираш прашањето. Секој, дури и возрасен човек, може да не разбира нешто и мора да праша за што се работи. Запомни, не се срами и кажи просто:

**„Не го разбирам прашањето“.**
Пробај да го кажеш сега.

Правниците употребуваат понекогаш такви зборови кои не ги знаеш и не можеш да ги разбереш. Многу од возрасните, исто така, не ги разбираат. Тоа не е никаков срам. Тогаш треба да кажеш:

**„Не го разбирам тој збор“** или **„Не знам што значи тој збор“.**

Може да се случи да не го слушнеш прашањето или да го слушнеш погрешно. Тогаш кажи: **„Не го слушнав прашањето“** или **„Ве молам да го повторите прашањето“.**

Понекогаш правниците поставуваат прашања на кои не го знаеш одговорот. Тогаш, ако навистина не знаеш, не погаѓај, само кажи: **„Не знам“.**

Исто така, може да се случи да не запамтиш сѐ. Возрасните, исто така, заборавaат некои работи. Тогаш не погаѓај, само одговори: **„Не паметам“.**

Некогаш памтиш нешто, но тешко ти е да зборуваш за тоа. Тоа им се случува и на другите деца. Кажи му тогаш на судијата дека не сакаш да одговараш на тоа прашање.

## Сакаме во судот да ја кажуваш вистината.

Се случува некој од правниците да постави прашање кое не им се допаѓа на другите правници. Може да го слушнеш зборот **„приговор“** кој значи **„не се согласувам“**. Тогаш не мора ништо да зборуваш. Правниците самите ќе разговараат со судијата, а потоа судијата ќе ти каже што треба да правиш понатаму.




## Детето: Што да правам, ако се почувствувам изморен/а?

Децата некогаш се заморуваат во судот, жедни се или мора да одат во тоалет. Таквите работи често се случуваат. Ако се почувствуваш изморено, сакаш да се напиеш или да одиш во тоалет, замоли го судијата да направи пауза.

**Детето: Што ќе се случи ако се изнервирам, натажам или расплачам?**

Ништо нема да се случи. Тоа може на секој да му се случи. Возрасните, исто така, се нервираат или плачат кога се тажни. Запомни дека не мора да брзаш кога одговараш на прашањата. Најважно е да ја кажуваш вистината. Ако се почувствуваш тажно, можеш да ја гушнеш својата играчка - маскота, која си ја зел/а со себе во судот. Ќе видиш дека ќе се почувствуваш подобро.






## Детето: Колку долго ќе морам да бидам во судот?

Секогаш е различно. Понекогаш пред да се влезе во судницата мора да се причека во ходникот, бидејќи судијата мора да поразговара со други луѓе. Се случува децата воопшто да не чекаат, а понекогаш чекаат доста долго. Тогаш полесно би било доколку имаш некоја играчка или книга да ја понесеш со себе во судот. Понекогаш децата носат сложувалки. Никој не сака да чека и да се досадува. Давањето изјави во судницата, исто така, може да трае кратко или долго. Судијата сака сè точно да дознае и може да ти поставува многу прашања тебе и на другите луѓе.

## Детето: Што ќе се случи откако ќе завршам со изјавата во судот?

Кога ќе завршиш со одговарање на прашањата, судијата ќе каже дека можеш да ја напуштиш судницата. Ќе можеш да си одиш дома, а можеби ќе мораш уште малку да причекаш во ходникот. Најдобро да прашаш за тоа некој од возрасните со кои ќе дојдеш во судот.

## Детето: Дали ќе дознаам што ќе се случи со обвинетиот?

Можеш да ги прашаш родителите или старателите што решил судот. Сепак, се случува и тие да не дознаат веднаш. Некои процеси траат долго, зашто судијата мора да разговара со многу луѓе.

Децата сакаат да имаат слободно време и да прават различни работи. Можеби највеќе сакаат да си играат. Нацртај како сакаш да си играш откако ќе го напуштиш судот?



**Детето: Дали можеш да ме потсетиш за што разговаравме?**

Се разбира, да почнеме од почеток:

- Ако нешто ти се случило, нешто си видел/а или слушнал/а, можеш да бидеш сведок во судот;

- Прво си разговарал/а со полицаецот или Јавниот обвинител и психологот. Ако Јавниот обвинител смета дека некој направил нешто лошо, тогаш тоа лице мора да оди во суд и да разговара со судијата. Тоа лице го викаме обвинет;

- Судијата сака да слушне за сѐ што се случило. Ќе разговара со многу луѓе и ќе реши дали обвинетиот направил нешто лошо, дали е виновен или не и дали заслужува казна;

- Обвинетиот ќе биде со својот бранител - адвокат;

- Ти ќе одиш во суд за да разговараш со судијата и другите правници и да одговориш на нивните прашања.

Понекогаш децата велат дека се плашат да одат на суд. Најчесто затоа што не знаат што е тоа суд. Потоа раскажуваат дека откако дознале што е тоа вистински суд, повеќе не се плашат. Ти знаеш веќе многу за судот.

Дали малку се плашиш? Ако е така, тогаш овде може да нацрташ од што се плашиш.



Што мислиш, што би можело да ти помогне за да не се плашиш? Можеби ќе го нацрташ тоа.



А сега нацртај слика на која не се плашиш.



Ако имаш уште прашања, тогаш поразговарај со возрасните.




КРАЈ